# СТАТУТ
# на
# ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПОДДРШКА НА МАРГИНАЛИЗИРАНИ РАБОТНИЦИ
# СТАР-СТАР СКОПЈЕ

(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ, ПОСЛЕДНА ИЗМЕНА ОД ДЕН 19.03.2026 ГОДИНА)

Врз основа на член 18 од Законот за здруженија и фондации (Сл.весник на РМ број 52/2010) и Одлуката за измени и дополнување на Статутот на Здружението број 02-045/2 од ден 19.03.2026 година, Собранието на Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје, на седницата одржана на ден 19.03.2026 го утврди пречистениот текст на:

# СТАТУТ

на

# Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје

(Пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

**- статус -**

Здружението за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје е граѓанска, непрофитна, самостојна, непартиска, доброволна организација, основана заради заштита, унапредување и промоција на основните човекови права на лицата кои се занимаваат со маргинализирани професии.

Граѓаните се здружуваат во Здружението заради остварување заеднички цели и интереси, како и за остварување поширок општествен интерес преку промоција на социјална правда, партиципативна демократија, заштита на човековите права, еднаквост, недискриминација и владеење на правото.

Здружението е независно, непартиско и непрофитно.

**Член 2**

**- назив -**

Називот на Здружението на граѓани гласи: Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје (во понатамошен текст: Здружението)

Скратениот назив на Здружението гласи: СТАР-СТАР Скопје.

Во називот за надворешна употреба, Здружението го употребува своето име на англиски јазик и латинично писмо и гласи: STAR-STAR Skopje.

**Член 3**

**- седиште -**

Седиштето на Здружението е во Скопје, на ул. 11 Октомври број бр. 30/5, општина Центар.

**Член 4**

**- територија и правна рамка на дејствување -**

Здружението се организира и делува на цела територија на Република Северна Македонија и своите права, должности и одговорности ги остварува во согласност со Уставот и законите на Република Северна Македонија и Статутот на Здружението.

Здружението има и меѓународна активност.

Заради остварување на заедничките цели и интереси Здружението може да се здружува со меѓународни и домашни организации, коалиции, сојузи, мрежи и слични здруженија од Републиката и странство.

Здружението е самостојно и независно во организирањето и остварувањето на своите цели, интереси и активности утврдени со Статутот, програмата и други акти на дејствување.

**Член 5**
**- својство и застапување -**

Здружението има својство на правно лице.

За своите обврски, Здружението одговара со целиот свој имот и средства. Здружението во правниот промет го претставува и застапува Претседателот на Здружението.

Управниот одбор може да овласти и друго лице кое ќе биде овластен правен застапник во отсуство на Претседателот на Здружението.

**Член 6**
**- печат и симбол -**

Здружението има свој печат, штембил и лого.

Печатот има тркалезна форма, а во него е испишано на кирилично писмо називот на Здружението: Здружение за поддршка на маргинализирани работници СТАР-СТАР Скопје.

Штембилот на Здружението има правоаголна форма и на него е испишан следниот текст:

Здружение за поддршка на маргинализирани
работници СТАР-СТАР

Бр.__________________
__________________год.
СКОПЈЕ

Текстот содржан на печатот и штембилот е испишан на македонски јазик со неговото кирилично писмо.

Симболот (лого) на Здружението го избира Управниот одбор по доставено идејно решение.

**Член 7**
**- јазик -**

Работата на Здружението се одвива на македонски јазик.

Во меѓународната комуникација, работата на Здружението се одвива на англиски јазик.

**Член 8**
**- јавност во работењето -**

Работата на Здружението е јавна.

Јавноста на работењето се обезбедува преку:

-известување на членовите и пошироката јавност за активностите на Здружението;

-присуство на членовите, а по покана и на други надворешни лица на седниците на органите и телата на Здружението;

-достапност на годишните извештаи и другите акти на Здружението до членовите и други заинтересирани лица;

-претставување во средствата за јавно информирање;

-соработка со други невладини организации, здруженија и сојузи, државни органи и институции;

-печатени материјали и електронско информирање.

За информирањето на членовите и пошироката јавност се користи печатот, интернет страницата на Здружението, социјалните медиуми и други облици на информирање.

**Член 9**
**- право на здружување -**

Здружението може да соработува, да се зачленува и да се поврзува со други домашни и меѓународни невладини организации, коалиции, сојузи, мрежи и здруженија.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ДЕЈНОСТИ

**Член 10**
**- цели -**

Здружението со своето делување настојува да ги оствари следниве специфични цели:
-Заштита, промоција и унапредување на основните човекови права на лицата кои се занимаваат со сексуална работа во социјалниот, правниот и здравствениот систем во државата;
-Подобрување на законските мерки кои таргетираат машки, женски и трансродови сексуални работници;
-Подобрување на социјалната средина во која живеат и работат сексуалните работници;
-Подобрување на знаењето во врска со сексуалното и репродуктивно здравје кај сексуалните работници;
-Овозможување полесен пристап кај сексуални работници до здравствени, социјални и правни сервиси од страна на здруженија на граѓани и државни институции како и адаптирање на постоечките услуги според потребите на сексуалните работници;
-Организирање активности кои промовираат поголема грижа за општото, сексуално и репродуктивно здравје помеѓу сексуални работници со акцент на ХИВ/СИДА и сексуално преносливи инфекции;
-Интервенција и превенција против насилство врз сексуалните работници;
-Подигнување на јавната свест во насока на прифаќање на сексуалните работници и почитување на нивните човекови права и слободи;
-Унапредување на развојот и воспоставување соработка со други граѓански организации, здруженија и фондации во земјата и странство.

**Член 11**
**- начела и вредности -**

Основните начела и вредности врз кои се темелат работата и делувањето на Здружението се:
-Вклученост на сексуалните работници во процесите на креирање политики и донесување одлуки на сите организациски нивоа;
-Солидарност со сите кои делат исти заложби, принципи и вредности во процесот на креирање граѓанско, демократско и отворено општество;
-Транспарентност во однос на постоење механизми кои подразбираат отвореност и отчетност во рамки на организациските принципи, програми и активности;
-Вмрежување и партнерство со споделување на правата, обврските и одговорностите за постигнување заеднички цели;
-Видливост преку јавно делување во граѓанското општество.

Здружението ги препознава и зема в предвид во својата работа специфичните потреби на сексуалните работници кои доаѓаат од различни подгрупи, заедници и етникуми.

Здружението ги препознава и зема в предвид во својата работа специфичните потреби на машките, женските и трансродовите сексуални работници.

Здружението се стреми да осигура соодветна застапеност на заедницата на сексуални работници во своето управување и работење.

**Член 12**
**- класификација на дејноста -**

Согласно Националната класификација на дејности, претежна дејност на работење на Здружението СТАР-СТАР Скопје е 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место.

## III. ЧЛЕНСТВО.
## СТЕКНУВАЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ЧЛЕНСТВО ВО ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 13
### - категории и регистер на членство -

Здружението води две категории на членство:
-членови од редовите на заедницата која што Здружението ја застапува;
-поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението.

Здружението за своите членови и поддржувачи води регистер на членство кој се ажурира најмалку еднаш годишно по пат на Јавен повик објавен на интернет страницата на Здружението.

### Член 14
### - критериуми за членство -

Здружението ги утврдува следниве критериуми за пристапување кон членство на членови од редовите на заедницата која што Здружението ја застапува:
-кандидатот за член да биде полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија;
-да се идентификува и припаѓа на заедницата на сексуални работници која вклучува машки, женски и трансродови сексуални работници, сегашни и/или поранешни;
-да ја поддржува мисијата и визијата, целите и вредностите на Здружението кои се јавно објавени на интернет страницата на Здружението;
-да учествува во остварување на целите и задачите на Здружението кои се јавно објавени на интернет страницата на Здружението;
-редовно или повремено да учествува во активностите кои произлегуваат од работната програма на Здружението;
-да ги застапува и промовира интересите на Здружението.

Здружението ги утврдува следниве критериуми за пристапување кон членство на поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението:
-кандидатот за поддржувач да биде полнолетен граѓанин на Република Северна Македонија;
-да ја поддржува мисијата и визијата, целите и вредностите на Здружението кои се јавно објавени на интернет страницата на Здружението.

### Член 15
### - стекнување на членство -

Член на Здружението може да биде секој полнолетен поединец и граѓанин што ги споделува визијата, мисијата, целите, вредностите, начелата и правилата за работа на Здружението.

Сите членови на Здружението имаат еднакви права и обврски, без оглед на нивната расна, етничка, верска, религиска, политичка, полова или родова припадност, социјален, имотен или образовен статус, сексуална определба, како и разлики по било која друга основа.

Кандидатите за членови со намера да стекнат членство со право на глас во Здружението, до Здружението поднесуваат:
-Пристапница за членство на членови од редовите на заедницата, во печатена или електронска форма;

Кандидатите за поддржувачи со намера да стекнат придружно членство без право на глас во Здружението, до Здружението поднесуваат:
-Пристапница за поддржувачи на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението, во печатена или електронска форма;

Пристапницата се разгледува на седница на Управниот одбор кој одлучува за доделување статус на член на Здружението.

На својата прва наредна седница Собранието одлучува за доделување на статус на полноправен член.

Собранието може да расправа и да донесе одлука за одземање на статусот на полноправен член или поддржувач и доделување или повторно доделување на статус придружен член.

**Член 16**
**- престанок на членство -**

Членството во Здружението престанува во следните случаи:
-истапување по сопствена желба со изјава во писмена или електронска форма испратена до Претседателот на Здружението или Управниот одбор;
-смрт на член;
-со разрешување и одземање на членство.

Членот и поддржувач на Здружението се разрешува во случаи кога:
-членот дејствува спротивно на одредбите од Статутот;
-не ги почитува и извршува одлуките на органите на Здружението;
-ја попречува работата на органите на Здружението;
-не ги почитува визијата, мисијата, целите, вредностите и начелата на Здружението;
-ги прекршува етичките кодекси и другите правни акти на Здружението;
-создава и учествува во конфликти со други членови на Здружението;
-ги омаловажува угледот, достоинството и репутацијата на Здружението.

За разрешување и одземање на членство од Здружението одлучува Собранието со мнозинство гласови од присутните претставници по претходен предлог и расправа.

**Член 17**
**- права и обврски на членовите –**

Членовите на Здружението од редовите на заедницата ги имаат следните права и обврски:
-да гласаат и да бидат гласани и да учествуваат во процесот на донесување на одлуки на седници на Собранието;
-да бираат и да бидат бирани во органите на Здружението;
-да учествува во работата на органите, телата и извршната канцеларија на Здружението;
-да предлага решавање на прашања од заеднички интерес;
-да дава придонес кон развој и унапредување на општествените и други активности кои произлегуваат од Статутот, програмските цели и задачи и усвоените одлуки и заклучоци;
-да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
-да бара стручна и друга помош од областа на материјата;
-да поведува иницијативи и предлози заради остварување на целите и задачите на Здружението;
-да постапува согласно Статутот, актите и одлуките на органите и телата на Здружението и позитивните законски прописи.

Членовите на Здружението од редовите на заедницата се полноправни членови со право на глас и учество во одлучувачки процеси.

Поддржувачите на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението ги имаат следните права и обврски:
-да ги застапува визијата, мисијата, целите, вредностите и начелата на Здружението;
-да ги застапува интересите и ставовите на Здружението;
-може да присуствуваат на седници или расправи на извршните органи на Здружението без право на глас, по претходна покана од Претседателот на Здружението или Управниот одбор.

Поддржувачите на визијата, мисијата, целите и вредностите на Здружението се симпатизери на Здружението без право на глас и учество во одлучувачки процеси.

## IV. ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 18**
**- органи на здружението -**

Органи на Здружението СТАР-СТАР Скопје се:
-Собрание;
-Претседател;
-Управен одбор.

## V. СОБРАНИЕ

**Член 19**
**- статус и состав на Собранието -**

Собранието е највисок орган на Здружението СТАР-СТАР Скопје.

Своите права и обврски Собранието ги врши врз основа на Статутот, Деловникот за работа на Собранието и општите акти на Здружението.

Собранието го сочинуваат сите членови од редовите на заедницата на Здружението со право на глас.

Во Собранието не членуваат поддржувачи и симпатизери на Здружението.

Собранието се состанува по потреба, а најмалку еднаш годишно.

**Член 20**
**- права и обврски на претставници на Собранието -**

Претставниците во Собранието на Здружението ги имаат следните права и обврски:
-да присуствуваат на седниците на Собранието и на работните тела во кои се избрани;
-да бираат и да бидат бирани во органите и телата на Здружението;
-да вршат надзор врз работата на другите органи на Здружението;
-да се придружуваат кон одредбите од Статутот и програмата на дејствување на Здружението;
-да ги застапуваат интересите и ставовите на Здружението;
-да предлагаат решенија од заеднички интерес за Здружението;
-да земаат активно учество во остварување на целите и задачите на Здружението;
-други права и обврски согласно актите на органите и телата на Здружението и позитивните законски прописи;
-членот кој е спречен да присуствува на седница на Собранието има право преку полномошно овластување да обезбеди свој полномошник кој ќе го претставува и гласа во негово име за време на седницата;
-членот кој е спречен да присуствува на седница на Собранието е должен за своето отсуство да го извести Претседателот на Здружението непосредно пред отпочнување на седницата;
-членот кој нема да присуствува на две (2) последователни седници по ред без образложение, го губи правото на членство со одлука на мнозинство од присутните на Собранието и му се доделува статус на поддржувач на Здружението без право на глас.

**Член 21**
**- свикување седници на Собранието -**

Седница на Собранието свикува Претседателот на Здружението најмалку еднаш годишно.

Седница на Собранието се свикува и по предлог на Управниот одбор или на предлог на една третина (1/3) од вкупниот број на членови на Собранието со право на глас.

Покана за свикување седница до членовите на Собранието се испраќа по пат на електронска пошта.

Јавен повик со Покана за свикување седница на Собранието објавен на интернет страницата на Здружението најмалку седум (7) дена пред одржување на седницата, се смета за уредно доставена покана.

**Член 22**

**- одржување седници на Собранието -**

Со седниците на Собранието претседава Претседателот на Здружението.

Седниците на Собранието се одржуваат во согласност со правилата и принципите утврдени во Деловникот за работа на Собранието.

Седница на Собранието може да се одржи доколку сите членови на Собранието се известени во рок не пократок од седум (7) дена пред одржување на седницата и се присутни мнозинство од сите членови со право на глас.

Во случај кога Претседателот не е во состојба да присуствува од објективни и легитимни причини и своето отсуство соодветно го најави или пак не се појави во првите 30 минути од седницата, со Собранието претседава Претседателот на Управниот одбор или друг член на Управниот одбор.

Своите седници Собранието може да ги одржува и преку конференциска врска со употреба на актуелни алатки за интернет комуникација.

**Член 23**

**- донесување одлуки на Собранието -**

Собранието по правило ги донесува одлуките со мнозинство гласови од присутните претставници на седницата.

Претставници на Собранието кај кои што постои судир на интереси во врска со носење одредена одлука ќе се изземат од гласање при донесување на одлуката.

На седниците на Собранието може да присуствуваат и поддржувачи и симпатизери на Здружението, исклучиво по покана на Претседателот или Управниот одбор на Здружението, но без право на глас и во согласност со принципот на доверливост.

Членовите на Собранието може да учествуваат и одлучуваат на седница организирана преку конференциска врска со употреба на актуелни алатки за интернет комуникација.

**Член 24**

**- гласање во Собранието -**

Собранието по правило работи и ги донесува одлуките по пат на јавно гласање, но по потреба, на предлог од една третина (1/3) од членовите на Собранието, гласањето може да биде тајно.

За избор на Претседател се одлучува со тајно гласање.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

Членовите на Собранието при гласање се изјаснуваат со "За", "Против" или "Воздржан".

**Член 25**

**- надлежности на Собранието -**

Собранието на Здружението ги има следниве надлежности:

Собранието донесува Статут и врши измени и дополнувања на Статут.

Собранието разгледува и усвојува стратешки планови на Здружението.

Собранието разгледува и усвојува годишни програми и оперативни планови за работа.

Собранието разгледува и усвојува годишни извештаи за работата на Здружението.

Собранието разгледува и усвојува ревизорски извештаи.

Собранието разгледува и усвојува годишни финансиски извештаи, даночни биланси и завршни сметки на Здружението.

Собранието донесува и усвојува Деловник за работа на Собранието.

Собранието донесува и усвојува Деловник за работа на Управниот одбор.

Собранието избира и разрешува Претседател на Здружението.

Собранието избира и разрешува членови на Управен одбор на Здружението.

Собранието одлучува за основање и укинување на ограноци и други облици на организирање на Здружението.

Собранието одлучува за промена на целта на здружување;

Собранието одлучува за прием на нови членови и престанок и одземање на членство.

Собранието одлучува за престанок на Здружението со двотретинско мнозинство.

Собранието одлучува и за други прашања кои не се во надлежност на другите тела во Здружението.

## VI. ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Член 26**

**- мандат на претседателот -**

Претседателот е застапник по закон на Здружението.

Претседателот на Здружението е претседател на Собранието.

Претседателот има мандат во времетраење од четири (4) години со право на повторен избор до три (3) мандати или се додека Собранието не избере нов претседател на Здружението.

Во случај на времено отсуство на претседателот или негова спреченост, обврските со заедничка одлука за именување на Претседателот и Управниот одбор ги превзема претседателот на Управниот одбор за одреден временски период.

Во случај на времено отсуство на претседателот на Управниот одбор или негова спреченост, обврските со заедничка одлука за именување на претседателот и Управниот одбор ги превзема друг член на Управниот одбор за одреден временски период.

Во случај на престанок на мандатот на Претседателот пред истекот на времето за кое е избран, Управниот одбор со мнозинство гласови ќе избере претседател на Здружението од своите редови со мандат до следното Собрание.

**Член 27**

**- избор на кандидат за претседател -**

Претседателот се избира, именува и разрешува од Собранието на Здружението.

Избор на претседател на Здружението се спроведува по пат на Јавен повик објавен на интернет страната на Здружението најмалку седум (7) дена пред одржување на изборна седница.

Избор на претседател на Здружението може да се спроведе и по предлог на членови на Собранието.

Собранието по пат на тајно гласање и мнозинство гласови од вкупниот број на присутни претставници избира Претседател на Здружението исклучиво од редовите на своите членови.

**Член 28**

**- права и обврски на Претседателот -**

Претседателот на Здружението ги има следниве права и обврски:

Претседателот свикува и подготвува седници на Собранието.

Претседателот заседава со седниците на Собранието.

Претседателот ги потпишува и спроведува одлуките, заклучоците и другите акти кои произлегуваат од работата на Собранието.
Претседателот ги потпишува и спроведува одлуките, заклучоците и другите акти кои произлегуваат од работата на Управниот одбор.
Претседателот го претставува и застапува Здружението во правниот промет со трети лица.
Претседателот е овластен застапник на Здружението.
Претседателот е потписник на сметките на Здружението.
Претседателот учествува во работата на Управниот одбор без право на глас.
Претседателот управува со извршната канцеларија на Здружението.
Претседателот управува со материјалните и човечки ресурси во Здружението.
Претседателот раководи со организациските активности на Здружението.
Претседателот го следи и контролира програмското, административното и финансиско работење на Здружението.
Претседателот донесува одлуки за формирање на постојани и повремени комисии и ја насочува нивната работа.
Претседателот одлучува за изборот на вработените, вработува и разрешува вработени во Здружението.
Претседателот одлучува за изборот на ангажирани лица, склучува и раскинува договори во име на Здружението со надворешни соработници и трети лица.
Претседателот го набљудува и оценува работниот перформанс на вработените и ангажираните лица во Здружението.
Претседателот наградува и санкционира.
Претседателот се грижи за одржливоста на Здружението.
Претседателот се грижи за транспарентност и отчетност на Здружението.
Претседателот поднесува годишен извештај за својата работа до членовите на Собранието.
Претседателот врши и други работи во негова надлежност согласно законот, Статутот и општите акти на Здружението.
За својата работа, претседателот одговара пред Собранието на Здружението.

**Член 29**

**- престанок во извршување на функцијата претседател -**

Функцијата претседател на Здружението престанува:
-на сопствено барање; или
-со одлука за разрешување на Собрание.
Предлог за разрешување на Претседателот може да поднесат мнозинство членови од сите членови на Собранието.
Предлогот за разрешување на претседателот мора да биде детално и писмено образложен, да ги содржи причините врз основа на кои се бара разрешување и биде потпишан од членовите кои предлагаат разрешување.
Претседателот се разрешува со одлука на мнозинство од вкупниот број членови на Собранието, по претходно спроведена исцрпна дискусија во однос на образложението и причините наведени по предлогот за разрешување.

## VII. УПРАВЕН ОДБОР

**Член 30**

**- состав, избор и мандат на Управниот одбор -**

Управниот одбор е колективен и извршен орган на Здружението составен од три (3) до пет (5) члена.
Своите права и обврски Управниот одбор ги врши врз основа на Статутот, Деловникот за работа на Управниот одбор и општите акти на Здружението.

Управниот одбор се избира на седница на Собранието со мнозинство гласови од присутните членови.

Со Управниот одбор заседава претседател на Управниот одбор.

Претседател на Управниот одбор избираат членовите на Управниот одбор со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Мандатот на Управниот одбор е четири (4) години со право на повторен избор до три (3) мандати или се додека Собранието не избере нов Управен одбор.

**Член 31**

**- свикување седници на Управниот одбор –**

Седница на Управниот одбор свикува Претседателот на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор се одржуваат по потреба, а најмалку еднаш во тромесечие - четири пати годишно.

Седница на Управниот одбор се свикува и по предлог на мнозинство од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Покана за свикување седница до членовите на Управниот одбор се испраќа по пат на електронска пошта најмалку три (3) дена пред одржување на седницата.

**Член 32**

**- одржување седници на Управниот одбор -**

Со седниците на Управниот одбор претседава Претседателот на Управниот одбор.

Седниците на Управниот одбор се одржуваат во согласност со правилата и принципите утврдени во Деловникот за работа на Управниот одбор.

Седница на Управниот одбор може да се одржи доколку сите членови на Управниот одбор се известени во рок не пократок од три (3) дена пред одржување на седницата и се присутни мнозинство од сите членови.

Во случај доколку Претседателот на Управниот одбор не е во состојба да присуствува од објективни и легитимни причини и своето отсуство соодветно го најави или пак не се појави во првите 30 минути од седницата, со седницата претседава друг член на Управниот одбор.

На седниците на Управниот одбор присуствува и Претседателот на Здружението без право на глас.

Своите седници Управниот одбор може да ги одржува и преку конференциска врска со употреба на актуелни алатки за интернет комуникација.

**Член 33**

**- начин на донесување одлуки на Управниот одбор -**

Управниот одбор може полноважно да работи и одлучува доколку на седницата присуствуваат најмалку три (3) члена.

Управниот одбор ги донесува своите одлуки јавно со мнозинство од присутните членови. Во случај на нерешена одлука пресуден е гласот на претседателот на Управниот одбор.

Секој член на Управниот одбор има право на еден глас, освен Претседателот на Управниот одбор, кој има дополнителен глас во случај кога се присутни четири (4) члена и има нерешено гласање.

Оние членови на Управниот одбор кај кои што постои судир на интереси во врска со одредена одлука ќе се изземат од гласање при донесување на таа одлука.

Управниот одбор води записник за својата работа кој се усвојува на наредната седница со мнозинство гласови од вкупниот број присутни членови.

Целокупната документација која произлегува од работата на Управниот одбор, членовите може да ја потпишуваат и по електронски пат.

**Член 34**
**- надлежности на Управниот одбор -**

Управниот одбор е орган којшто е овластен од Собранието да ги применува сите права на Собранието освен:
-да врши измени и дополнувања на Статутот на Здружението;
-да менува Претседател на Здружението;
-да менува членови на Управниот одбор;
-да разрешува членови на органи.

Управниот одбор има надлежност да ги врши следниве работи:

Управниот одбор предлага до Претседателот на Здружението свикување седница на Собранието.

Управниот одбор учествува во подготовка на седници на Собранието, подготовка на материјали и предлог-одлуки за истите.

Управниот одбор обезбедува и врши надзор на спроведувањето на одлуките и заклучоците на Собранието.

Управниот одбор подготвува и предлага до Собранието промени на Статутот на Здружението.

Управниот одбор донесува одлуки за награди, пофалници, благодарници и признанија.

Управниот одбор донесува одлуки за оттуѓување на основните средства.

Управниот одбор донесува одлуки за вмрежувања и членство во други домашни и меѓународни организации, коалиции, мрежи и други правни субјекти.

Управниот одбор по потреба и по барање на Претседателот на Здружението се вклучува во избор на вработени и ангажирани лица во Здружението.

Управниот одбор управува и одговара за управувањето со имотот на Здружението.

Управниот одбор предлага до Собранието вклучување и исклучување од членство во Здружението.

Управниот одбор предлага и избира други помошни извршни тела и работни комисии;

Управниот одбор усвојува и одобрува правилници за работа, протоколи и други акти со кои се регулира работата на Здружението.

Управниот одбор разгледува и решава по жалби за донесени одлуки.

Управниот одбор донесува деловник за својата работа.

Управниот одбор ја одобрува и усвојува организациската структура на Здружението и нејзината хиерархиска поставеност.

Управниот одбор донесува одлуки за промена на седиште на Здружението.

Управниот одбор за својата работа поднесува годишен извештај до членовите на Собранието.

За својата работа, Управниот одбор одговара пред Собранието на Здружението.

## VIII. ФИНАНСИРАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 35**
**- извори на средства -**

За остварување на своите организациски и проектни цели и задачи, Здружението стекнува средства и располага со нив во согласност со Статутот и законите на Република Северна Македонија.

Здружението стекнува и прибавува финансиски средства, предмети и права по пат на: донации, доброволни прилози, подароци и завештанија, членарина, активности за прибирање средства, хуманитарни активности, приходи од буџетот на Република Северна Македонија, буџетот на единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје и други извори на финансирање предвидени со закон.

**Член 36**

**- стекнување, користење и располагање со средствата -**

Средствата на Здружението се употребуваат за цели, задачи и активности во согласност со овој Статут и општите акти на Здружението и во согласност со условите и ограничувањата на донаторите.

За стекнувањето, користењето и располагањето со средствата одлучуваат органите на Здружението во согласност со надлежностите утврдени во овој Статут преземајќи мерки за економско целесобразно користење на средствата, како и за спречување и отстранување на незаконитостите.

Вишокот на приходите над расходите на Здружението не смее да биде дистрибуиран како таков кон ниедно лице и ќе биде употребен исклучиво за остварување на целите, задачите и активностите на Здружението.

## IX. КОНТРОЛА ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 37**

**- контрола врз работењето -**

Контрола врз целокупното работење на Здружението врши Собранието.

Контрола врз административното и финансиско работење на извршната канцеларија на Здружението врши Претседателот на Здружението и Управниот одбор.

Контрола врз работењето на своите вработени и ангажирани соработници во Здружението врши Претседателот на Здружението.

Контрола врз законитоста на работењето на Здружението вршат надлежните органи и служби на Република Северна Македонија.

**Член 38**

**- утврдување и отстранување на неправилности -**

Иницијатива за утврдување и отстранување неправилности во работењето и активностите на Здружението може да достави секој полноправен член пред надлежните органи на Здружението, во согласност со делокругот на надлежностите на тие органи утврдени со Статутот и законите.

Надлежниот орган до кој е доставена иницијативата е должен писмено да се произнесе во рок не подолг од триесет (30) дена.

## X. ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

**Член 39**

**- престанок на Здружението -**

Здружението ќе престане со работа:

-ако е донесена одлука на Собранието со двотретинско мнозинство од сите претставници на Собранието;

-ако бројот на членови се намали под законски предвидениот број;

-ако настапат причини утврдени со Законот за здруженија и фондации;

-со одлука на надлежниот суд;

-други причини утврдени со закон.

**Член 40**

**- распределување на имотот, средствата и правата -**

Во случај на престанок на Здружението, имотот, средствата и другите права и приходи што остануваат по намирување на обврските спрема доверителите, се префрлаат и преминуваат во сопственост на основачите, доколку спогодбено не е поинаку решено.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 41**
**- толкување на Статутот -**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Здружението, а меѓу две негови седници – Управниот одбор.

**Член 42**
**- измени и дополнување на Статутот -**

Измени и дополнување на овој Статут се вршат по иста постапка како и за негово донесување.

**Член 43**
**- стапување на сила на Статутот -**

Овој Статут и измените кон него стапуваат на сила со денот на донесувањето.

**Број 02-046/1**
**19.03.2026 година**
**Скопје**

Здружение за поддршка на маргинализирани работници
СТАР-СТАР Скопје
Претседател, Лила Милиќ

_________________________________